

**Наташа Иваноска, помлад соработник на проект**
niv@mcms.mk
+389 2 3065 381

Родена е на 21 јуни 1993 г. во Охрид, Македонија. Дипломира на политички студии во 2015 г на Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје, а од 2019 г. е и магистер по применета политика- тема Ефективноста на политиката на условеност на Европската унија за борбата против корупција во земјите кандидатки од Западен Балкан. Нејзино поле на интерес е доброто владеење и управување, борба против корупција и родова еднаквост со фокус на спроведување на различни иновативни методологии за проценка на корупцијата и феноменот на заробена држава, исполнување на критериумите на ЕУ, застапување за транспарентност и отчетност, процес на креирање политики и донесување закони итн.

Од септември 2015 како помлада соработничка на проекти има можност да работи со различни тимови на следните проекти: Програма за борба против корупцијата, Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупција, Следење на антикорупциските реформи, Регионална мрежа за антикорупција- СЕЛДИ, финансирани од различни донатори (УСАИД, Британска Амбасада, ЦФЦД и ЕУ).

Ко-авторка е и на неколку публикации меѓу кои: Подготвеност за борба против корупција низ призмата на исполнување на условите поставени од ЕУ, Извештај за проценка на корупцијата 2019, Извештај во сенка за вториот процес на ревизија и имплементација на Конвенцијата на Обединети Нации против корупција (УНКАК) во Република Северна Македонија, Извештај за усогласеност на македонското законодавство со меѓународните препораки за ефикасна борба против корупција, Извештаите од следење на работата на ДКСК, Извештајот за проценка на корупцијата 2018, Огледало на владата 2015: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони итн.

https://mk.linkedin.com/in/natasha-ivanoska-194ab098